Министерството за економија согласно член 66 став (2) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/08 ... 161/19) и член 20 став (3) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилото („Службен весник на Република Македонија“ бр.131/09 ... 271/19), доставува:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ОЦЕНА НА ТЕХНИЧКАТА СОСТОЈБА НА ВОЗИЛОТО

Се известуваат кандидатите кои се заинтересирани да полагаат стручен испит за вршење на работите во постапката за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилото, дека теоретскиот дел од **Стручниот испит ќе се одржи на ден 21.09.2022 година (среда), со почеток од 09,00 часот во просторијата број II, (на трети кат), во седиштето на ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ на булевар „Св. Климент Охридски“ број 68 во Скопје.**.

Пријавите за полагање на стручниот испит за вршење на работите во постапката за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилото, можат да се поднесуваат по пошта, на адреса на Министерството за економија (ул. Јури Гагарин бр.15, 1000 Скопје), или во архивата на Министерството за економија, секој работен ден од 9:00 до 16:00 часот, најдоцна 7 (седум) дена пред одржување на испитот, (согласно член 20 став (1) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилото).

Во прилог кон пријавата кандидатот е должен (согласно член 23-а од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилото) да ги достави следните документи:

- **заверен препис на нотар од дипломата за стручна подготовка,**
- **копија од лична карта и**
- **доказ за платени трошоци за полагање на испитот**
- **доказ за уплата на административна такса за поднесок.**

Пријавата може да се превземе од web - страната на Министерството за економија.

Прашањата од испитот се објавени на http://e-prasanja.mk
Исто така генериран е **pdf** документ кој кандидатите може да го симнат.

Дополнителни информации може да се добијат на телефон 02 3093 528 или на следната е-маил адреса: pece.andonoski@economy.gov.mk

Министерство за економија
Комисија за полагање на стручен испит